**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕФРОЛОГИЈА**
**Ул.Водњанска 17, 1000 Скопје**
**Тел. 00 389 (0) 23147-200/ 00 389 (0) 23119188**

# ИНСТРУКЦИЈА ПО ЈАВЕН ПОВИК

за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија Скопје има потреба од избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, за движни ствари, кои немаат вредност односно се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и истите не се користат од страна на Клиниката.

## II. ОПИС НА ПРЕДМЕТОТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на јавниот повик се движни ствари (медицинска и немедицинска опрема) кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија Скопје и истите се наоѓаат во просторија во зградата на Поликлиника Чаир – Скопје, ул.„ Ферид Бајрам“ бб.

Движните ствари кои се предмет на јавниот повик детално се опишани во Прилог 1 на истиот, и тоа со инвентарен број , назив/опис на движната ствар, количината и сегашна вредност.

Избраното правно лице има обврска да изврши преземање на движните ствари предмет на јавниот повик од наведената локација и истите да ги транспортира како отпад на соодветен начин, во согласност со законските прописи.

## III. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР

Критериум за избор на правно лице е преземање на движните ствари предмет на јавниот повик во најкраток можен рок, без надомест.

Доколку повеќе правни лица понудат исто времетраење на преземање на движните ствари предмет на јавниот повик, во тој случај ќе се избере правното лице кое прво поднело пријава за учество во архивата на Клиниката.

Доколку е пристигната само една пријава за учество од едно правно лице, ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија Скопје ќе изврши избор на тоа правно лице.

## IV. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право да поднесат пријава за учество имаат сите заинтересирани правни лица регистрирани за вршење на дејноста предмет на јавниот повик, односно кои вршат дејност или поседуваат дозвола за соборање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

Документи кои треба да се достават кон пријавата за учество се следниве:

- Способност за вршење на дејност
  - Документ за регистрирана дејност -ДРД образец
  - Важечка дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад издадена од надлежен орган.
- Техничка и професионална способност
  - Изјава дека располага со соодветни транспортни средства за извршување на предметот на јавниот повик. ( Прилог 3)
  - Изјава дека за непречено извршување на услугата ќе има на располагање во секое време доволен број на лица за извршување на услугата предмет на јавниот повик. ( Прилог 4)

Документите за способност за вршење на професионална дејност, како и техничка и професионална способност се приложуваат во оригинал или во копија заверена од правното лице со потпис на одговорното лице и со назнака „Верно на оригиналот“.

Доколку избраното правно лице се откаже од склучување на договорот, во тој случај склучување на договор ќе му биде понудено на наредното правно лице кое поднело пријава за учество и соодветна документација предвидена во јавниот повик.

## V. ПРАШАЊА И ПОЈАСНУВАЊА

Подетални информации може да се добијат секој работен ден од 09:30 до 14:00 часот во ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија Скопје.

Лице за контакт во врска со јавниот повик е Жарко Стојанов, тел. 071-658-797, e-mail: nefrojn@gmail.com

## VI. КРАЕН РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО

**Краен рок за доставување на пријава за учество е 25.12.2019 година до 10:00 часот. Пријавите се поднесуваат:**

**- по пошта на следнава адреса: ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија Скопје, ул. Водњанска бр. 17, или**

**- директно во архивата на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија Скопје, - административна барака.**

**Пријавата која е поднесена по истекот на крајниот рок, се отфрла како задоцнета.**

**Правното лице го приложува оригиналниот примерок на пријавата со документите кон неа во затворен плик.**

Пример како треба да изгледа предната страна на затворениот плик за правните лица кои ќе поднесуваат пријава за учество на јавниот повик преку пошта или директно во архивата на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија Скопје

<table>
<tr><td>„Не отворај“</td><td>За јавен повик<br>за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад</td></tr>
<tr><td colspan="2">Универзитетска клиника за нефрологија Скопје<br>ул. „Водњанска “, бр.17<br>1000 Скопје</td></tr>
</table>

## VII. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР

ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија Скопје по истекот на 3 дена од денот на донесувањето на одлуката за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад и кое ќе изврши преземање на движните ствари предмет на јавниот повик, ќе го извести во писмена форма избраното правно лице. Истовремено, Клиниката ќе ги извести сите правни лица кои учествувале на јавниот повик за извршениот избор.

ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија Скопје ќе склучи договор со правното лице кое поднело пријава за учество за преземање на движните ствари и кои ги исполнило условите наведени во јавниот повик.

## VIII.ОБВРСКИ НА ИЗБРАНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ ПО СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Правното лице со кое ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија Скопје ќе склучи договор е должно да изврши преземање на движните ствари предмет на јавниот повик од наведената локација (Прилог 1) и истите да ги транспортира на соодветен начин, согласно законските прописи.

ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија Скопје и избраното правно лице се должни да извршат записничко примопредавање на движните ствари предмет на јавниот повик.

**ПРИЛОГ 1 – Движни ствари предмет на јавниот повик**
**Локација : Поликлиника Чаир**
**ул. „Ферид Бајрам“ бб-Скопје**

| р.б. | инвент.бр. | Назив | ед.м. | Кол. | сегашна вредност |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 1 | 1537 | апарат за ХД GAMBRO | парче | 1 | 0,00 |
| 2 | 1540 | апарат за ХД GAMBRO | парче | 1 | 0,00 |
| 3 | 00467 | апарат за ХД INOVA | парче | 1 | 0,00 |
| 4 | 00450 | апарат за ХД АК 95 GAMBRO | парче | 1 | 0,00 |
| 5 | 00452 | апарат за ХД АК 95 GAMBRO | парче | 1 | 0,00 |
| 6 | 00453 | апарат за ХД АК 95 GAMBRO | парче | 1 | 0,00 |
| 7 | 00458 | апарат за ХД АК 95 GAMBRO | парче | 1 | 0,00 |
| 8 | / | вртливи фотељи | парче | 2 | 0,00 |
| 9 | / | вртливи столица | парче | 4 | 0,00 |
| 10 | / | вртлива фотеља | парче | 3 | 0,00 |
| 11 | / | клуб столица тапацир. | парче | 2 | 0,00 |
| 12 | 151158 | Фрижидер | | 1 | 0,00 |
| 13 | 151250,151256 | Вага скалер | | 2 | 0,00 |
| 14 | 151336 | Количка | | 1 | 0,00 |
| 15 | / | Фотели за ХД | | 20 | 0,00 |
| 16 | 151179,151180 | Магацинска полица | | 24 | 0,00 |
| 17 | / | Зидни закачалки | | 4 | 0,00 |
| 18 | 151211 | Стол за прегледи | | 2 | 0,00 |
| 19 | 151089,15109 | Сталажи метални | | 6 | 0,00 |
| 20 | 151235,151236 | Болнички кревети хидраулични | | 2 | 0,00 |
| 21 | 151283,151291 | Фотељи за ХД | | 10 | 0,00 |
| 22 | 151321,151326 | Фотељи за ХД | | 6 | 0,00 |
| 23 | / | Фотељи за ХД | | 4 | 0,00 |
| 24 | 151098 | Штампач | | 1 | 0,00 |
| 25 | / | Термин.за работно време | | 1 | 0,00 |
| 26 | 151101 | Фризидер Кончар 250 л. | | 1 | 0,00 |
| 27 | 151128,151209 | Фрижидер | | 2 | 0,00 |
| 28 | 151242 | Телеф.центр.со 6 тел. | | 1 | 0,00 |
| 29 | 151157 | Термо печка | | 1 | 0,00 |
| 30 | 151221,1512 | Еркондишн | | 3 | 0,00 |
| 31 | клима уред | клима уред | | 1 | 0,00 |
| 32 | 151225 | Работно биро | | 1 | 0,00 |
| 33 | 151238 | Работно биро | | 1 | 0,00 |
| 34 | 151095 | Маса клуб | | 1 | 0,00 |
| 35 | 151200,151124 | Маса клуб | | 2 | 0,00 |
| 36 | 151123,151201 | Работно биро | | 2 | 0,00 |
| 37 | 151100,151301 | Закачалка | | 4 | 0,00 |
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 38 | 151131 | Видео | | 1 | 0,00 |
| 39 | 151310 | Маш. за пишување-АВАЛА | | 1 | 0,00 |
| 40 | 150952 | столица канцелариска | | 1 | 0,00 |
| 41 | | еднокрил.плакар | | 1 | 0,00 |
| 42 | 1434 | еднокр.вис.елемент | | 1 | 0,00 |
| 43 | 150864 | работно биро | | 1 | 0,00 |
| 44 | 150550 | количка за ЕКГ | | 1 | 0,00 |
| 45 | / | лежечка количка | | 1 | 0,00 |
| 46 | / | вртлива столица | | 1 | 0,00 |
| 47 | / | фрижидер за длабоко | | 1 | 0,00 |
| 48 | / | фрижидер за длабоко | | 1 | 0,00 |
| 49 | / | фрижидер комора | | 1 | 0,00 |
| 50 | / | закачалка метална | | 2 | 0,00 |
| 51 | / | висечки двокрилни шкафчиња | | 6 | 0,00 |
| 52 | / | трокрил.куј.елемент | | 1 | 0,00 |
| 53 | / | единечен кује.елемент | | 1 | 0,00 |
| 54 | / | висечки ел.двокрилни | | 2 | 0,00 |
| 55 | / | висечки ел.двокрилни | | 2 | 0,00 |
| 56 | / | работно биро | | 1 | 0,00 |
| 57 | / | работно биро | | 1 | 0,00 |
| 58 | / | единечен шкаф | | 1 | 0,00 |
| | Вкупно: | | | | 0,00 |

**Прилог 2**

**Пријава за учество**

(Правно лице, архивски број, датум и место)
Во врска со јавниот повик, објавен од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија Скопје за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за соборање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, ја поднесуваме следнава пријава за учество:

**I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ**

1. Име на правно лице: ___________________________________________
2. Контакт информации
   - Адреса: _____________________________________________________
   - Телефон: ___________________________________________________
   - Факс: _____________________________________________________
   - Е-пошта: ___________________________________________________
   - Лице за контакт: ____________________________________________

(лице кое ке биде задолжено за реализација)

3. Одговорно лице: _____________________________________________
4. Даночен број: _______________________________________________
5. Матичен број _______________________________________________

Со поднесувањето на оваа пријава за учество, изјавуваме дека рокот во кој ќе извршиме преземање на движните ствари предмет на јавниот повик изнесува ------------денови (од денот на склучување на договорот).

Исто така, со поднесување на оваа пријава за учество во целост ги прифаќаме условите предвидени во јавниот повик и не го оспоруваме вашето право да ја поништите постапката.

**Одговорно лице во правното лице**
**------------------------------------**
**(име, презиме и потпис)**

*Пријавата за учество ја потпишува одговорно лице на правното лице

**Прилог 3**

И З Ј А В А

Јас долупотпишаниот ___________________________________________ во својство на одговорно лице на правното лице _______________________________под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека располагам со соодветни транспортни средства за извршување на предметот на јавниот повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

Одговорно лице

______________________

*Изјавата ја потпишува одговорното лице

**Прилог 4**

И З Ј А В А

Јас долупотписаниот ____________________________________________ во својство на одговорно лице на правното лице________________________________________под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека за непречено извршување на услугата ќе има на располагање во секое време доволен број на лица за извршување на услугата предмет на јавниот повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за соборање и/или транспортирање преработка, рециклирање и уништување на отпад.

Одговорно лице

____________________________

*Изјавата ја потпишува одговорното лице